**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 и член 111 од Изборниот законик (Сл. весник на Република Македонија бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 98/19, 42/20 и 74/21) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **24.08.2021** година донесе:

# УПАТСТВО
# за пријавување и гласање на немоќно или болно лице

## *ГЛАВА I*
## *ПОСТАПКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ГЛАСАЊЕ НА НЕМОЌНО И БОЛНО ЛИЦЕ*

### Член 1

Под немоќно или болно лице се подразбира лицето кое не е во можност да ги врши основните животни потреби (не е во можност да се движи во станот ниту со користење на соодветни помагала, да одржува основна лична хигиена, да се облекува, да зема храна, ниту да врши други дејства за задоволување на основните животни потреби), односно лицето е неподвижно, потполно слепо, заболено од дистрофија или сродни мускулни или нервно мускуларни заболувања, церебрална или детска парализа или параплегија.

### Член 2

Известувањето дека лицето е немоќно или болно и сака да гласа, се доставува до општинската изборна комисија во местото каде лицето има постојано живеалиште. Покрај известувањето до општинската изборна комисија треба да се достави во оригинал или копија и медицински доказ за болеста, важечко решение за користење на туѓа нега од трето лице за болестите наведени во точка 1 од ова Упатство или решение за користење на туѓа нега од трето лице доколку неговата важност истекла од периодот на распишување на изборите до моментот на пријавување.

Известувањето од став 1 на овој член може да се поднесе непосредно во ОИК преку полномошник, непосредно по електронски пат или електронски преку полномошник до општинската изборна комисија.

Електронско поднесување може да се направи од една меил адреса најмногу за две лица.

### Член 3

Лекарско уверение издадено од матичен лекар без приложена медицинска документација во оригинал или копија, издадена од лекар специјалист за дадената дијагноза за болестите наведени во точка 1 од ова Упатство, Општинската изборна комисија не ги прифаќа заради недостаток и несоодветно приложена документација.

**Член 4**

ОИК при одлучување по известувањата за гласање на немоќните или болните лица, може да повика за консултација доктор специјалист за читање на дијагнозите по доставените известувања.

**Член 5**

Заради непридржување на ОИК на погоре наведените одредби од ова Упатство, престедателот, заменик претседателот, членовите и нивните заменици на ОИК (кои ќе одлучуваат по доставените известувања) имаат одговорност согласно одредбите на Изборниот законик.

**Член 6**

Полномошното со кое се поднесува известувањето за гласање на немоќно или болно лице треба да гласи само на член од потесното семејство. Немоќни или болни лица кои немаат член од потесно семејство, имаат право да дадат полномошно на друго лице. Друго лице може да биде полномошник и да поднесе известување за гласање најмногу за две лица. Тој што еднаш се пријавил како полномошник пред ОИК, не може да поднесува полномошна од други лица на цела територија на Република Северна Македонија.

## *ГЛАВА II*
## *ПОСТАПКА ЗА ГЛАСАЊЕ НА НЕМОЌНИ И БОЛНИ ЛИЦА*

**Член 7**

Немоќните и болните лица гласањето го вршат во својот дом според местото на живеење. Избирачот кој е немоќно и болно лице може да гласа и во домот на блиско лице на адреса различна од адресата на живеење во документот за лична идентификација, под услов таа адреса да се наоѓа во територијата на општината каде избирачот гласа. Во тој случај, во известувањето доставено до ОИК треба да се наведе и адресата каде се наоѓа лицето.

**Член 8**

Општинската изборна комисија врши електронска проверка во Избирачкиот список на сите уредно пријавени немоќни и болните лица. По прифаќање на известувањето за гласање на немоќни и болни лица согласно ова Упатство, општинска изборна комисија составува список на сите прифатени известувања и истите ги распоредува до соодветните избирачки одбори кои треба да го спроведат гласањето на овие лица.

Општинската изборна комисија е должна да ги извести сите подносители на известувања или нивните полномошници каде подносителот ќе го оствари своето право на глас.

**Член 9**

Општинската изборна комисија е должна да ги извести овластените претставници на овластениот подносител за времето и местото на гласањето на немоќното и болно лице и да им овозможи да го набљудуваат гласањето на овие лица.

**Член 10**

Избирачкиот одбор е должен да ги провери подносителите на известувања во изводот од избирачкиот список за соодветното избирачко место пред да ги откине гласачките ливчиња за гласање на немоќни и болни лица.

Пред започнување на гласањето на немоќни и болните лица, избирачкиот одбор од кочанот откинува онолку гласачки ливчиња колку што има евидентирано болни и немоќни лица за соодветното избирачко место, а кочанот не смее да го носи со себе на гласањето.

**Член 11**

При спроведувањето на гласањето на немоќни и болните лица, избирачкиот одбор ја користи гласачката кутија која му е предадена од општинската изборна комисија за ова гласање и истата ќе ја користи и на денот на гласањето.

Избирачкиот одбор со себе го носи:

- изводот од избирачкиот список на кој болното и немоќното лице се потпишува;
- печатот;
- шаблон – Браева азбука;
- граничник за потпис или отпечаток;
- УВ спреј и УВ ламба;
- плик за секој гласач;
- список на немоќни и болни лица пријавени во избирачкото место;
- перниче со мастило.

**Член 12**

Капакот на гласачката кутија за гласањето на немоќни и болните лица, мора да биде запечатен со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни, пред да започне гласањето.

**Член 13**

При гласање на немоќно или болно лице, треба да му се овозможи тајно гласање во неговата просторија каде немоќно или болно лице ќе гласа.

**Член 14**

Гласачкото ливче, немоќно или болно лице по завршеното гласање го превиткува и пред членовите на ИО го става во посебен плик, го залепува и така залепен го пушта во гласачката кутија.

**Член 15**

По завршеното гласање, пликовите со гласачките ливчиња остануваат во гласачката кутија, а отворот на капакот од гласачката кутија се запечатува со нумерирана сигурносна пластична лента. Изводот од избирачкиот список се става во проѕирна пластична кеса заедно со кочанот од гласачките ливчиња и кесата се запечатува со нумерирана сигурносна лента.

**Член 16**

Доколку по завршувањето на гласањето на немоќни и болните лица останат неупотребени гласачки ливчиња, истите не смеат да се користат за гласање на денот на изборите, на нив им се откинува десниот долен агол, се прецртуваат по целата должина и се чуваат во посебен плик. При сумирањето на резултатите неупотребените ливчиња се евидентираат заедно со останатите неупотребени ливчиња од гласањето на денот на гласањето.

**Член 17**

На денот на гласањето, пред почетокот на гласањето, гласачката кутија се отвора, се вадат пликовите и поединечно се отвораат, гласачките ливчиња се ставаат во испразнетата гласачката кутија без да се види за кого е гласано. На крајот, гласачка кутија се запечатува со нумерирани сигурносни пластични ленти од двете страни на капакот.

**Член 18**

Избирачкиот одбор не смее да им дозволи да гласаат на денот на изборите на оние немоќни и болните лица кои претходниот ден одбиле да гласаат или пак не биле најдени во својот дом.

**Член 19**

Избирачкиот одбор кој го спроведува гласањето за немоќни и болните лица е должен да води евиденција за тоа кој од евидентираните болни и немоќни лица одбил да гласа, односно не бил најден дома. Оваа евиденција избирачкиот одбор ја приложува кон изводот од избирачкиот список на кој се гласа.

**Член 20**

По завршувањето на гласањето, избирачкиот одбор е должен да ја извести општинската изборна комисија за бројот на лица кои гласале од евидентираните болни и немоќни лица.

Општинската изборна комисија е должна по собирање на податоците од сите избирачки одбори кои се во нејзина надлежност да ја извести Државната изборна комисија за вкупниот број на лица кои гласале во текот на денот.

**Член 21**

Ова упатство стапува на сила со денот на донесувањето и се објавува на интернет страницата на Државната изборна комисија.

**Член 22**

Со влегување во сила на ова Упатство престанува да важи Упатството за гласање на немоќно и болно лице (член 111 став 1, 2 и 3 од Изборниот законик) бр.10-695/2 од 03.03.2020 година, Упатство за дополнување на упатството за гласање на немоќно и болно лице (член 111 став 1, 2 и 3 од Изборниот законик) бр.10-695/3 од 26.06.2020 година и Упатството за гласање на немоќно и болно лице (член 111 став 4, 5, 6 и 7 од Изборен законик) бр.10-695/1 од 03.03.2020 година.

**НАПОМЕНА:** Им се укажува на општинските изборни комисии при прифаќањето на барањето за гласање на болно и немоќно лице да обрнат посебно внимание и да проверат дали во приложената документација се наведени причините од точките 1 и 2 на ова Упатство.

**Даденото известување од според член 111 ставот (1) се однесува и за евентуално прегласување на гласачкото место во кое избирачот гласа.**

**Број ____________**
**__.__.2021 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Др. Александар Даштевски**